РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак 0106
Рок на чување трајно год.
21.06. 2018 година
Потпис,

01.30.32.НС.005.01

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ТУТУН И ТУТУНСКИ ДОБРА

Јуни 2018

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 22. 06. 2018 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа (”Службен весник на Република Македонија” број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ТУТУН И ТУТУНСКИ ДОБРА

## I. Општи одредби

1. Цел на оваа насока е појаснување за начинот на распоредување на тутун и производи поврзани со тутун, што се опфатени во Глава 24 од Царинската тарифа на Република Македонија[1], каде се распоредуваат тутун и производи за замена на тутун.

2. Оваа насока овозможува поддршка при распоредувањето на тутунски производи (на пример цигари, пури, тутун за пушење) кои се распоредуваат во Глава 24 други производи поврзани со тутун (на пример масло од тутун, замени за третирање на пушењето), а кои би можеле да се рапоредат на друго место во тарифата.

3. Надлежни за постапување по оваа насока се царинските службеници во царинските испостави во царинарниците, секторите и одделенијата во Царинската управа што ја користат Царинската тарифа во своето работење.

## II. Законски основи за распоредување

4. Законските основи за распоредување на тутун и производи за замена на тутун од Царинската тарифа се шесте основни правила за примена на Царинската тарифа што се дел од воведните забелешки, Дел I на Царинската тарифа, и тоа:

   - **Основно правило 1** гласи „За правни цели, распоредувањето на стоката ќе се врши според наименуванијата на тарифните броеви и според забелешките кон соодветните Оддели и Глави“.
     Тарифните броеви се претставени со четирицифрени ознаки, додека Главите се претставени со двоцифрени ознаки. Притоа, забелешките кон Оддели и Глави се најважни кога станува збор за правилно тарифно распоредување на стоките.
   - **Основно правило 6** го одредува распоредувањето на ниво на тарифни подброеви (шест или повеќе цифрени ознаки), затоа секогаш се применуваат

[1] Закон за Царинска тарифа со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

двете основни правила заедно, односно Основни правила 1 и 6 кога стоката се распоредува на ниво на тарифен подброј.

- **Основните правила од 2 до 4,** исто така, може да се употребат во зависност од видот и природата на производот кој се распоредува. Правилата секогаш се применуваат редоследно, на пример, распоредувањето на стоката со основното правило 3 (в) е можно само ако одредбите на основните правила 2 (а), 2 (б), 3 (а) и 3 (б) се разгледани и истите се исклучени, и
- **Основно правило** 5 што се применува за одредени контејнери (амбалажа) и материјали за пакување, кои се испорачуваат заедно со производите за кои се наменети.

## III. Референтна табела за брзо пребарување на стоки по тарифни подброеви

| **Предмет** | **Тарифен подброј** |
|---|---|
| Суров непреработен, отпадоци од тутун | 2401 |
| Пури, цигари, цигарилоси и цигари од тутун или замени на тутун | 2402 |
| Рефус тутун вклучувајќи тутун за луле за пушење и тутун за рачно виткање цигари, било да содржи или не тутун во било кој сооднос | 2403 |
| Тутун за водено луле опфатен со заб. 1 кон глава 24 | 2403 11 |
| Производи без тутун за водени лулиња, на пр. Jurak | 2403 99 90 00 |
| Сите хомогенизирани и реконструирани тутун производи | 2403 91 00 00 |
| Тутунот за цвакање и шмркање | 2403 99 10 00 |
| Произведените замени за тутун и екстракти и есенции од тутун | 2403 99 90 00 |
| Масло од семе од тутун | 1515 |
| Замени за никотин (препарати, како таблети, гуми за цвакање) | 2106 90 92 00 |
| Гел за раце на никотинска основа | 3824 99 93 00 |
| Никотински фластери (трансдермални системи) | 3824 99 58 00 |
| Електронски цигари и никотински инхалатори | 8543 70 70 00 |

| Предмет | Тарифен подброј |
| --- | --- |
| Никотински патрон | 3824 99 93 00 |
| Електрично загреван тутунски производ – "ЕЗТП") | 2403 99 90 00 |

## IV. Распоредување на тутун и производи за замена на тутун

**5. Тутунот може да се испорачува во различни форми и тоа:**

- во сурова состојба непроцесиран и непреработен,
- произведен во пури, цигари или цигарилоси,
- тутун за џвакање,
- бурмут,
- хомогенизиран или реконструиран тутун,
- екстракт или есенција.

Покрај овие постојат многу други производи од тутун и замени за тутун. Некои од овие се распоредуваат како тутун дури и кога не содржат воопшто тутун. Во оваа насока ќе биде објаснето каде секој од погоренаведените производи се распоредува.

**6. Распоредување на суров и непреработен тутун**

Сите форми на суров, непреработен тутун и тутунски отпадоци се распоредуваат во тар. број 2401, како „непреработен тутун или отпадоци од тутун". Поимот „непреработен тутун" вклучува повеќе форми, и тоа цело растение или лисја во природна состојба, или сушени или ферментирани лисја. Поимот исто така опфаќа и оджилен тутун, режан или не, дробен или сечен, вклучувајќи сечен во одредени форми. Овој тарифен број вклучува и тутун и тутунски лисја кои се парени, оджилени и оплеменети („сосирани" или „навлажнети") со течност со соодветен состав, главно за да се спречи мувлосување и сушење и да се зачува мирис-аромата. Но тука не е вклучен тутун кој е подготвен за пушење.

Непреработениот тутун кој е веќе подготвен за малопродажба, кога рефусната пратка е поделена во помали количини наменети да бидат процесирани во состојба погодна за пушење во домашни услови (на пример со домашен блендер) се смета за тутун погоден за пушење без понатамошно индустриско процесирање. Овој производ се распоредува во тарифен подброј 2403 19 10 00 (тутун, поинаку произведен, тутун за пушење, друг, во непосредни пакувања со нето маса што не надминува 500 грама).

Отпадоците од тутун (тутунски рефус) го вклучуваат сиот отпад кој се добива при манипулациите со лисја од тутун или при преработка на производи од тутун , на пр. петелки, ребра на лисја, ситни делчиња, прашина.

7. **Распоредување на пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замена на тутун.**

Пури завиткани или незавиткани, цигарилоси и цигари се распоредуваат во тар. број 2402, без оглед дали се во целост направени од тутун или од мешаница на тутун и замени за тутун, без оглед на уделот на тутунот во мешавината.

Треба да се напомене дека цигарите, пурите, cheroots (цигари сечени на краевите во правоаголна форма) или цигарилосите ќе се распоредат тука дури и кога тие воопшто не содржат тутун. На пр. „цигари“ кои се направени од специјално процесирани листови од разновидна салата и оттука иако не содржат ниту тутун ниту никотин исто така ќе бидат распоредени во овој тарифен број.

Овој тарифен број не опфаќа медицински цигари. Меѓутоа, цигарите кои содржат некои типови на производи специјално формулирани за сузбивање на навиката за пушење, но кои немаат лековити својства, остануваат распоредени овде. Рефус тутун вклучувајќи тутун за луле за пушење и тутун за рачно виткање цигари, било да содржи или не тутун во било кој сооднос, се распоредува во тар. број 2403.

8. **Рефус преработен тутун за луле или за правење на цигари**

Тутунот за пушење вклучува рефус тутун за рачно завиткување и тутун за луле за пушење - било да содржи или не замени за тутун во било кој сооднос - за употреба со наргиле или водено луле, сите овие се распоредуваат во тарифен број 2403. Исто така вклучува производи кои не содржат воопшто тутун.

Тутунот за пушење е тутун кој може да биде сечен или поинаку поделен, извиткан или пресуван во блокови, кој може да се пуши без понатамошно индустриско процесирање.

Кај наргилето и воденото луле се употребува мала таблета од јаглен за благо да се загрее специјалната, инфузионо-ароматизирана мешавина на тутун. Тутунот не гори туку се филтрира низ водата во стаклениот сад во која е потопен, пред да биде инхалиран преку цревото.

Во зависност од локалитетот, наргилето е познато под различни имиња како:

Shisha или sheesha (шиша), hubble bubble (меур со меур), наргиле, аргиле, boury (бура), gouza, okka, kalian, gewat sucker.

Овој стил на луле може да се користи за пушење на повеќе супстанции, вклучувајќи ги и билните плодови и тутунот. Пример е шиша тутунот, кој исто така може да е познат како tabac, tombak, tumbak, gouza, guza, moassel или sheesha. Шиша е мешавина на тутун, меласа или шеќер кој е ароматизиран со овошје, глицерин, ароматски масла и екстракти како Meassel или Massel. Името исто така се користи за производите кои не содржат меласа или шеќер, како Tumbak или Ajmani.

Овој тип на производи кои содржат тутун се опфатени во тар. подброј 2403 11. Производите, кои не содржат тутун а се наменети за водени лулиња, на пр. Jurak – се распоредуваат во тарифен подброј 2403 99 90 00.

## 9. Распоредување на „хомогенизиран" или „реконструиран" тутун и екстракти и есенции од тутун

„Хомогенизиран" или „реконструиран" тутун вклучува производи изработени од листови од тутун, тутунски отпадоци или прашина. Понекогаш се испорачува на подлога, на пример лист од целулоза од тутунски стебла и петелки, и главно е приготвен во форма на правоаголни листови, познати и како шупливи цевки, или ленти. Може да биде употребен било во форма на лист-фолија (за виткање) или како сецкан/рендан како полнило. Сите хомогенизирани и реконструирани тутунски производи се распоредуваат во тарифен подброј 2403 91 00 00.

Преработените замени за тутун влучуваат мешаници за пушење кои не содржат воопшто тутун. Овие може да имаат основа од билки или други растенија.

Екстрактите и есенции на тутун се течности кои се екстрахирани од влажни листови од тутун било со пресување, или подготвени со вриење на отпадоци од тутун во вода. Тие главно се употребуваат за производство на инсектициди или паразитициди.

Подготвените замени за тутун и екстракти и есенции од тутун се распоредуваат во тар. подброј 2403 99 90 00. Меѓутоа маслото од семе од тутун не се распоредува као производ од тутун и треба да се распореди во тарифен број 1515 како „Други фиксни масти и масла".

## 10. Распоредување на тутун за џвакање

Тутунот за џвакање обично е високо ферментиран и во ликерна форма (навлажнет, испрскан со алкохолен сос) кој е направен за џвакање, а не за пушење. Се испорачува во долги ленти од цели или многу грубо исечени листови или во форма на ролни, стапчиња, траки, коцки и блокови. Со консумира со поставување на дел од тутунот помеѓу образот и непцето или забите и потоа се џвака. Истиот се распоредува во тарифен подброј 2403 99 10 00.

Покрај западните стилови на тутун за џвакање, има и голем број на етнички варијации на тутун за џвакање но сите стилови се распоредуваат на ист начин во 2403 99 10 00.

Pan masala е полнење кое често се користи кај тип на Индијанска закуска наречена Paan каде листот од бетел билка се користи за завиткување и целиот производ се џвака како чистач на непцето и освежувач на здивот, и обично се зема после јадење или за време на часовите за одмор.

Состојките на Paan Masalas се разликуваат во голема мера од некои од нив содржат тутун додека другите се без тутун. Распоредувањето на ваквите производи оттука зависи од тоа од што е сочинет производот и од неговата намена. На пример Бетел листови полнети со мешаница сочинета од грубо мелени или сецкани бетел јатчести плодови и други зачини (paan supari), се распоредуваат во тар. број 2008 како препарати од јатчесто овошје. Меѓутоа доколку „паанот„ е сочинет од тутун (tambaku paan) во било кој сооднос, треба да се распореди во тар. број 2403.

Gutka е препарат сочинет од дробени бетел ореви, (supari) тутун, catechy (растителен екстракт кој содржи танини), лимета, кардамом, парфимирани и дозволени зачини и ароми, и се консумира како тутун за џвакање. Овој производ треба да се распореди на ист начин како паанот во тар. број 2403.

## 11. Распоредување на тутун за шмркање

Подготовките за шмркање како и компресираниот и натопениот тутун кој се користи за припремање на подготовки за шмркање, се распоредуваат во тарифен подброј 2403 99 10 00. Подготовките за шмркање се всушност тутун во форма на прав или зрна подготвен за шмркање а не за пушење. Постојат два вида на подготовки за шмркање, назални и орални (исто така познати како снус).

Назалните подготовки претставуваат сув до полувлажен фино мелен тутун кој главно се користи преку носната празнина. Назалната подготовка може да биде со различни вкусови.

Снусот пак може да биде влажен или полувлажен, мелен, орален тутунски производ, кој се користи во усната шуплина, помеѓу непцето и горната усна. Снусот може да биде спакуван во фва вида пакување и тоа рефусно и во порции. И во двете пакувања може да бидат со различни вкусови. За разлика од тутунот за џвакање оралниот снус се става во уста, и тоа помеѓу непцето и горната усна, при што корисникот го вшмукува никотинот од производот кој, и истиот навлегува во крвотокот преку тенкиот слој на слузокожата.
Пакистанскиот Несвар, исто така се распоредува како подготовка за шмркање.

## V. Распоредување на никотински замени и производи за сузбивање на навиката за пушење

12. Постојат голем број на различни производи за сузбивање на навиката за пушење како и алтернативи на цигарите на пазарот, вклучувајќи лепенки, гуми за џвакање и новите електронски цигари. Нема единствено распоредување за сите овие производи туку истите се распоредуваат врз основа на нивните карактеристики.

13. Замени за никотин (препарати како таблети, гуми за џвакање) се распоредуваат во тарифен подброј 2106 90 92 00 како разни производи за јадење. Ова е во согласност со ЕУ Регулативата 3565/88[2].

14. Гелот за раце на никотинска основа, кој како гел се втрива на рацете така што никотинот кој се апсорбира преку кожата, ја ослабува желбата за цигара. Геловите се продаваат како алтернатива за цигари за ситуации во кои не може да се пуши, и се распоредуваат како тутунски производи во тарифен подброј 3824 99 93 00.

15. Никотинските фластери (трансдермални системи) наменети да им помогнат на пушачите да престанат со пушење, се распоредуваат во тарифен подброј 3824 99 58 00.

16. Електронските цигари и никотинските инхалатори, се исто така познати како инхалатори. Доколку електронската цигара се увезува заедно со пакет патрони, како сет, истите ќе се распоредат заедно во тарифен подброј 8543 70 70 00 како електронски производ на друго место неспомнат ниту опфатен, што

[2] (EEC)No 3565/88 (OJ L311,17.11.1988), и измена објавена во (EC) No 705/2005 (OJ L118,04.05.2005)

е во согласнот со Регулативата 1143/2008[3]. Меѓутоа, нискотинскиот патрон со содржина на никотински препарат наменет да им помогне на пушачите да престанат со пушењето, се расоредува во тарифен подброј 3824 99 93 00.

Инхалаторите се распоредуваат согласно патроните со кои се испорачуваат и тие се распоедуваат на ист начин како и патроните за електронските цигари.

## VI. Распоредување на тутунски производ наречен "EHTP"(Electrically heated tobacco, Електрично загреван тутунски производ – "ЕЗТП")

### 17. Опис на производот:

Тутунски производ со цилиндрична форма (должина 45 мм, дијаметар 7,3 мм), сочинет од следните елементи:

- тутунски чеп (капсула) (12 мм во должина) направен од 100% излиен лист тутунски материјал. Овој специјален материјал е дизајниран и произведен за употреба во тутунскиот производ. Направен од тутун во прав со содржина на различни типови на тутун како и врзива и навлажнувачи: вода, гуар гума и природни целулозни влакна, како и глицерин за потпомагање на распрскување во аеросол. Мешаницата во својата почетна форма е хомогена кашеста маса, која е излиена и исушена во тенки листови со специфицирана дебелина и тежина. Тутунските листови потоа се сечени во ленти со дефинирана ширина.Чепчињата (капсули) се добиени со пресување на траките од реконструиран тутун на начин кој симултано ги штити листовите од согорување и го олеснува рамномерното распоредување на топлината која ја применува системот со кој се користи инстант тутунскиот производ. Согласно побарувањата на пазарот, тутунското чепче (приклучок за тутун, капсула) може да биде и завиткано во ко-ламиниран алумииниум;
- шуплива ацетатна цевка која делува како механичка изолација помеѓу тутунскиот чеп (приклучок, капсула) и првиот филтер;
- полимерен филм филтер кој ги отстранува некои аеросолни состојки и им овозможува на испарените соединенија да се изладат до прифатлива температура на аеросолта за корисникот;
- филтер за уста со ниска густина на целулоза ацетат;
- надворешна хартија и хартија за уста.

---

[3] ЕС 1143/2008(OJ L308, 19.11.2008, CELEX 32008R1143,објавена во Уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2014)

Вкупната тежина на овој производ е приближно 0,8 г; тутунскиот приклучок (капсула) самиот тежи 305,8 mg (0,3058 g). Спакуван во пакување од по 20 единици. Производот е наменет за инкорпорирање во системот кој применува сензор-контролирана топлина за предметната стока. Високата глицеринска содржина помага во формирањето на видлива аеросол (сочинета главно од вода, глицерин и никотин) во наменетиот оперативен температурен ранг.

Во сликата подолу, дијаграмот на попречниот пресек на "ЕЗТП" ги покажува главните компоненти:




Слика

## Heating Tobacco Rather than Burning It

The Tobacco Heating System 2.2 (THS2.2, commercialized as *iQOS* in several countries) is designed and has been demonstrated to:

- Heat tobacco <u>without</u> combustion
- Significantly reduce or eliminate the formation of harmful and potentially harmful compounds
- Preserve elements of the taste, sensory experience, nicotine delivery profile and ritual characteristics of cigarettes




## 18. Распоредување

Распоредувањето на производот првично се врши согласно наименувањата на тарифните броеви од Глава 24.

Иако производот е направен од тутун и има цилиндричен облик и форма на кратка цигара, истиот не е наменет да биде употребен како тутун за пушење кој би создал чад (за разлика од сите други производи кои се распоредуваат во тар. број 2402), туку е направен да се користи преку систем кој генерира аеросол во форма на пареа без чад. Тарифниот број 2403 е предвиден само за производи кои може да се идентификуваат во овој број. Производот не е дизајниран за пушење со согорување, и истиот не може да се распореди во тар. подброј 2403 19.

Реконструираниот тутун од кој е сочинет опроизводот е подготвен во листови со специфична дебелина и е пресуван на специфичен начин, за да се избегне горењето и да се олесни образувањето на пареа. Оттука производот не може да се распореди во тарифен подброј 2403 91 00 00, бидејќи тутунскиот чеп (капсула) е сочинет од неколку состојки (реконструиран тутун, врзива, навлажувачи, итн.).

Распоредувањето на тутунската капсула (чеп), која се употребува заедно со специјализиран уред, сочинет од патрон и батерија, е во тарифен подброј 2403 99 90 00, како други преработки од тутун, и истото е донесено како Одлука на

Комитетот на Хармонизиран систем[4] на 60-та седница. Ваквото распоредување е согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Хармонизираниот систем.

## VI. Завршни одредби

19. Одговорни за спроведување на оваа насока се царинските службеници од надлежните царински испостави.

20. Надлежни за предлагање на измени и дополнувања на оваа насока се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

21. Сите непосредни раководители се должни со оваа насока да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат

22. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии, е должен веднаш по потпишувањето на оваа насока, истата да ја направи достапна до сите вработени во Царинската управа, согласно Процедурата за депозитар на документација[5].

23. Секое постапување спротивно на оваа насока ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

24. Оваа насока стапува на сила со денот на нејзиното потпишување.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01-054445/18-0001
Скопје, 21.06.2018 г.

22. 06. 2018

[4] Одлуките на Хармонизиран систем за распоредување на одредени видови на стоки усвоени од страна на Комитетот на Хармонизиран систем на Светската царинска организација, задолжително се применуваат при распоредување на стоките

[5] Процедурата за депозитар на документација со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

Изработиле: Силвана Талеска Манева
Тања Веселиновска
Одобрил: Лидија Лекоска, по овластување на директор број 04-009747/18-0006 од 11.06.2018 година
Согласен: Златко Ветеровски

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |